РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ВО СКОПЈЕ
Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје
ул. „16-та Македонска Бригада“бр. 3, п. фах 223, 1000 Скопје
Тел. (02)6154660; Факс (02)6154590

# СООПШТЕНИЕ

**за одобрување дополнителни испитни сесии за апсолвенти за учебната 2025/26 година**

На студентите запишани на двете студиски програми на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер-Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, кои имаат запишан и заверен осми (VIII) семестар, односно ги исполниле поединечните услови за секој наставен предмет од прв до осми семестар, им се одобрува полагање на испити во следниве дополнителни сесии и наведени термини:

- од 10 ноември до 14 ноември 2025 год.;
- од 1 декември до 5 декември 2025 год.;
- од 2 март до 6 март 2026 год. и
- од 6 април до 10 април 2026 год.

Полагањето на испитите ќе се спроведува во попладневните часови после 16 часот секој работен ден.

Студентите кои ќе пријават полагање на испити во дополнителните испитни сесии, ќе плаќаат надомест во износ од 500,00 денари за полагање испит за еден наставен предмет.